Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

## за достапност на документ и јавна расправа
## План за управување со животна средина и социјални работи (ПУЖССР)

**за под-проектот**

**Основен проект за реконструкција спроведување на мерки за енергетска ефикасност – „Зграда на Општина Валандово“**

**Основен проект за реконструкција спроведување на мерки за енергетска ефикасност Дом на култура „25ти Мај“, Валандово**

Во рамки на “Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ” кој се реализира од страна на Единицата за спроведување на проектот при Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка, Општина Валандово аплицираше со барање за финансирање на три под-проекти:

1. Основен проект за реконструкција спроведување на мерки за енергетска ефикасност – „Зграда на Општина Валандово“.
2. Основен проект за реконструкција спроведување на мерки за енергетска ефикасност Дом на култура „25ти Мај“, Валандово

Согласно *Рамката за животна средина и социјални работи* изготвена врз основа на барањата на Светска Банка беа подготвени документи “План за управување со животна средина и социјални работи” во кои се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти кои ќе произлезат од планираните активности на под-проектите. Овие документи се поставени за јавен увид на официјалните веб страници на:

Министерството за финансии (Под-проекти за енергетска ефикасност во единиците на локална самоуправа - finance.gov.mk) и на:

Општина Валндово : http://valandovo.gov.mk/ на 30.10.2024 година.

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 30 дена од поставување на документите на веб страниците, преку пополнување на формуларот кој е достапен на следниот линк:

https://www.valandovo.gov.mk/Општини/Проекти/Новости/2024/Oglasi/Izvestuvanje_javna_rasprava.aspx

Во текот на периодот наменет за јавни консултации за ПУЖССР, ќе се одржи и јавна расправа за документите, на **04.11.2024 понеделник со почеток во 11 часот во Сала за состаноци при Општина Валандово,** со следниот дневен ред:

1. Воведен збор на претставник од Единицата за спроведување на проектот при Министерство за финансии за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (претставник од ЕСП/МФ) - 10 минути
2. Краток осврт на проектните активности од страна на консултантскиот тим за изработка на техничката документација (Заедничко вложување Инком инженеринг ДООЕЛ Скопје и ТП АНТЕВСКА Куманово) – 10 минути
3. Информација за намената за задолжување, за целта на овие 2 проекти, што ќе постигне општината – 10 минути
4. Краток осврт на документите “План за управување со животната средина и со социјалните аспекти за проектот” (претставник од консултантскиот тим за изработка на техничката документација) – 20 минути
5. Дискусија.

Датум на објава: 30.10.2024

**Министерството за финансии**
**Единица за спроведување на проектот**